**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ** » **МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО** » **ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ СКОПЈЕ** » **ОПШТИНИТЕ КОЧАНИ И ТЕТОВО** »

# ВО 2013 ГОДИНА НЕ СЕ ПРОАКТИВНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ

» Фондот за здравствено осигурување на РМ објавува најмногу информации за своето работење на својата официјална интернет страница.

» Министерството за финансии, Министерството за здравство и општината Кочани објавуваат само одредени документи и информации, поврзани со нивното работење, на нивните официјални интернет страници, но не се проактивно транспарентни.

» Институтот за јавно здравје на РМ, Здравствениот дом Скопје и општина Тетово не објавуваат ниту еден документ или информација, кој се однесува на нивното работење, на својата официјална интернет страница.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**ЛЕГЕНДА:**

★ (црвена) **ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**
Институција која проактивно не објавува информации е онаа институција која има освоено под 60 поени и ги нема објавено повеќето од мониторираните документи.

★ (жолта) **ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА САМО ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**
Делумно проактивна е онаа институција која има освоено помеѓу 61 и 80 поени и објавува само дел од мониторираните документи.

★ (зелена) **ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**
Институција која е проактивна објавува документи и информации и има освоено помеѓу 81 и 100 поени и ги има објавено речиси сите мониторирани документи.

### Сумарна оценка на степенот на проактивна транспарентност по институција

| Име на институција | Интернет страница | Оценка |
|---|---|---|
| Министерство за финансии | www.finance.gov.mk | ★ (црвена) |
| Министерство за здравство | www.moh.gov.mk | ★ (црвена) |
| Фонд за здравствено осигурување | www.fzo.org.mk | ★ (жолта) |
| Здравствен дом Скопје | www.zds.com.mk | ★ (црвена) |
| Општина Кочани | www.kocani.gov.mk | ★ (црвена) |
| Општина Тетово | www.tetova.gov.mk | ★ (црвена) |
| Институт за јавно здравје | www.iph.mk | ★ (црвена) |

### Оценка на степенот на проактивна транспарентност по институција и документ, односно информација

| Документи и информации | Министерство за финансии | Министерство за здравство | Фонд за здравствено осигурување | Институт за јавно здравје | Здравствен дом Скопје | Општина Кочани | Општина Тетово |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стратегија за работа | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Годишна програма за работа | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Предлог буџет | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Донесен буџет | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Месечни извештаи за програмско и буџетско работење | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Полугодишни извештаи за програмско и буџетско работење | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Предлог завршна сметка | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Донесена завршна сметка | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Информации за одговорно лице и контакт за поднесување на барања за информации од јавен карактер | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

## Корисноста од проактивната транспарентност на јавните институции

Постојат **два основни начини на кои јавноста може да дојде до информации за работењето на јавните институции.**
**Првиот начин** е кога јавноста пополнува и доставува барања за пристап до информации од јавен карактер, на кои добива официјален одговор **(РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ)**.
**Вториот начин** е кога информациите се објавуваат на иницијатива на јавните институции **(ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ).**

## КОРИСНОСТ ОД ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ [1]

» транспарентно и отчетно трошење на буџетските средства и промовирање на интегритет на јавните институции;

» осигурување дека граѓаните располагаат со сите потребни информации за да учествуваат во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки;

» полесен пристап на граѓаните до јавните услуги и добра;

» подобро управување со информации, подобар интерен проток на информации и зголемување на ефикасноста на јавната администрација;

» намалување на преоптовареноста на јавната администрација со законските постапки за пристап до информации од јавен карактер;

» навремен пристап до информации за работењето на јавните институции и обезбедување на еднаквост во пристапот и располагањето со информации помеѓу граѓаните;

» избегнување на бирократските постапки за подготовка и доставување на официјални барања;

» избегнување на можноста за манипулирање и менување на информациите кои се објавуваат;

» олеснување на пристапот до информации, особено за маргинализираните групи;

» осигурување на анонимност на корисниците на информациите;

» намалување на корупцијата во јавниот сектор; итн.

## Оценка на степенот на проактивност на јавните институции во РМ

Во овој документ ги презентираме резултатите од спроведениот мониторинг на содржината на официјалните интернет страници на седум јавни институции од РМ (Министерството за финансии, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Институтот за јавно здравје, Здравствен дом Скопје и општините Кочани и Тетово).

Мониторингот на содржината на официјалните интернет страници на седумте јавни институции е спроведен во периодот од 01 јануари до 31 декември 2013 година.
Преку континуираниот мониторинг имавме за цел да го оцениме степенот на поактивна транспарентност на опфатените јавни институции.
Преку спроведување на постапката на мониторинг, во 2013 година, го следевме објавувањето или не објавувањето на девет клучни документи и информации кои се однесуваат на работењето на опфатените институции, и тоа: Стратегија за работа; Годишна програма за работа; Предлог буџет; Донесен буџет; Месечни извештаи за програмско и буџетско работење; Полугодишни извештаи за програмско и буџетско работење; Предлог завршна сметка; Донесена завршна сметка и информации за поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер и лица одговорни за координирање на постапката за пристап до информации од јавен карактер.
Преку оваа анализа немаме за цел да го оценуваме квалитетот и времето на објавување на селектираните документи, туку да го прикажеме нивото на проактивност на институциите кога станува збор за објавување на документите и информациите кои се однесуваат на нивното програмско и финансиско работење.
Оваа анализа на проактивната транспарентноста на јавните институции е прва и пилот анализа од низата анализи кои ЕСЕ ќе ги подготви во наредниот период. Па оттука, со цел тестирање на развиената методологија за оценка на проактивната транспарентност на јавните институции во оваа фаза опфативме само седум јавни институции и девет документи од наш предмет на интерес.
Степенот на проактивна транспарентност на опфатените јавни институции е утврден преку бодување на објавувањето и не објавувањето на секој од деветте мониторирани документи на официјалните интернет страници. Секој од документите учествува во вкупниот резултат со различен процент, и тоа:

- со 0 поени се бодува ако нема објавено било кој од документите и информациите кои се предмет на анализа;
- со 5 поени се бодуваат - полугодишните програмски и финансиски извештаи, предлог завршната сметка и информации за поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер и лица одговорни за координирање на постапката за пристап до информации од јавен карактер.
- со 10 поени се бодува предлог буџетот;
- и на крај со 15 поени се бодуваат - стратегијата за работа, годишната програма за работа, донесениот буџет, месечните извештаи за работа и донесената завршна сметка. Вкупниот резултат кој може да го достигне секоја од институциите е 100 поени.

Вкупната оценка на степенот на проактивна транспарентност за секоја од мониторираните институции е утврдена како збир од индивидуалните оценки за секој оценуван документ или информација поодделно.

[1] Проактивна транспарентност: Иднината на правото на информираност?, Светска банка.

Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА